# Зошто го Славиме Велигден?



**УПАТСТВО ЗА УЧИТЕЛОТ**

**Велигденска лекција што ќе им помогне на децата на возраст од 5 до 12 години да го разберат планот на спасението.**

МЕД
МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦА®

МЕД
МИСИЈА ЗА ЕВАНГЕЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦА®

Copyright © 2020 Child Evangelism Fellowship of Ireland. Copyright © 2020 Мисија за евангелизација на деца во Македонија. Сите права се задржани.

# Зошто го Славиме Велигден?

*Автор: Викторија Хајлендс*
*Артист: Ерин Вилсон*

## ПОМОШНИЦИ

Избери помошници за Велигденскиот настан, како и луѓе кои ќе се молат за настанот. *(Увери се дека сите помошници ќе ја потпишат „Изјавата за заштита на деца“).*

## ПОКАНИ

На страница 3 од „Ресурсите“ има убави покани кои ќе го зголемат интересирањето за Велигденскиот клуб. Увери се дека родителите се согласни нивното дете да присуствува  на настанот, особено ако тоа првпат доаѓа на час.

## УКРАСИ

Можеш просторијата да ја украсиш како за прослава – балони, подароци, светки, украсни ленти…

## ПРЕДЛОЖЕНА ПРОГРАМА

**Поздрави ги децата**
**Добредојде**
**Игра за загревање**
**Молитва**
**Лекција**—*Зошто го славиме Велигден?*
**Песна**—Избери пригодна песна.
**Стих за учење напамет** —Римјаните 5:10
**Игра за повторување** —Фрлај за поени.
**Песна**—Избери пригодна песна.
**Молитва**
**Рачна работа**
**Грицки**
**Работни листови**
**Картички со стихот за учење напамет**—дај му на секое дете картичка со напишан стих за учење напамет.

## ПОЗДРАВИ ГИ ДЕЦАТА

Со помош на дадениот образец *(страница 4)* можеш да направиш беџови со името на секое дете.

Направи децата да се чувствуваат добредојдени на Велигденскиот клуб. Разговарај со сите и обиди се да ги запознаеш.

## ДОБРЕДОЈДЕ

Претстави ги возрасните – помошниците и објасни ја програмата на Велигденскиот клуб.

## ИГРА ЗА ЗАГРЕВАЊЕ *(ИЗБЕРИ ЕДНА)*

**Дај ми показател.** *(Играта може да биде користена како прв дел од воведот на лекцијата.)* Сакаш ли да одиш на забава, или да јадеш посебна храна? Прославите може да се одржуваат за да се одбележи некој особен настан, или некому да му се честита за нешто што го постигнал сега. Сакам да ви дадам неколку показатели така што ќе направам дејство, или ќе потпевнувам песна, без зборови. Ќе можете ли да погодите кој настан или празник го славиме?

**Дејства:**

- Свршувачка – клечење на едно колено, со „подавање“ прстен.
- Раѓање бебе – лулање бебе во рацете.
- Положен возачки испит – преправај се дека возиш со двете раце на воланот.

**Песна:**

- Божиќ – Ѕвончиња / Тивка ноќ
- Роденден – Среќен роденден

**Подај го пакетот.** Подготви пакет со мал подарок во него, завиткан седумпати. Додека го завиткуваш пакетот, на секој слој залепи слика од прослава *(страница 5 во „Ресурсите“)*. Играјте ја играта на следниот начин. Децата нека седат во круг и нека го подаваат пакетот на детето до нив, сè додека свири музиката. Кога музиката ќе сопре, детето кое го држи пакетот ќе одвитка еден слој и ќе каже каква прослава е претставена на сликата. Продолжете сè додека не го одвиткате подарокот, а последното дете кое ќе го одвитка последниот слој го добива подарокот *(или го дели со групата).*

## ПЕСНИ

За да ја утврдите пораката на Евангелието, изберете неколку песни кои ќе ги пеете со децата. На пример: „Влези денес“.

## ГРИЦКИ

Изберете соодветни грицки. Внимавајте некои од децата да не се алергични.

## РАЧНА РАБОТА *(ИЗБЕРЕТЕ ЕДНА)*

**Зошто го славиме Велигден?** *(Види страница 18 во „Ресурсите“ каде што се дадени обрасците.) (Совет: Однапред подгответе една рачна работа како пример за децата.)* За секое дете ќе ви треба образец копиран на картон, доволно ножици и боици / фломастери за сите деца.

**Упатства:**

- Рачна работа – боенка. *(Додека децата бојат искористете го времето да разговарате за лекцијата.)*
- Свиткајте ја страницата на половина, така што напишаното и сликите да бидат однадвор. *(Листот треба да се свитка точно во средината на крстот.)*
- Исечете го крстот по испрекинатата линија. НЕ ГИ СЕЧЕТЕ полните линии на надворешните рабови! *(За да се направи ова ќе треба да им помогнете на помалите деца.)*
- Повторно свиткајте ја страницата, овојпат така што напишаното и сликите да се однатре.
- Направи така за страницата да „се исправи“ – свиткај ја по должината на испрекинатите линии, така што крстот ќе стои исправен во однос на остатокот од сликата.

**Кошница и јајца.** *(Обрасците се на страниците 19–20 во „Ресурси“.) (Совет: Однапред подгответе една рачна работа како пример за децата.)* За секое дете ќе ви треба образец копиран на картон, доволно ножици и боици / фломастери за сите деца.

**Упатства:**

- Обои ги кошниците и јајцата. *(Додека децата бојат искористете го времето да разговарате за лекцијата.)*
- Исечете ги јајцата.
- Исечете ја кошницата по полните линии и свиткајте ја по должината на испрекинатите линии.
- Преклопете ги местата од двете страни и залепете ги со лепило.
- Поставете ги јајцата во кошницата.

## АКТИВНОСТИ ЗА ДОМА / НАТАМОШНИ ПОУКИ

**Картички со стихот за учење напамет**—Фотокопирај ги предложените картички со стихот за учење напамет *(види на страниците 9–11 во „Ресурси“).*

**Брошура со евангелска порака**—Можеби ќе сакате на секое дете да му дадете брошура со евангелска порака, како, на пример: „Запознај го Царот“, или „Нешта што треба да ги знаеш“ *(можете да ги порачате од канцеларијата на МЕД).*

**Страници со активности**—*(види на страници 21–22 во „Ресурси“).*

## НАГЛЕДНИ ПОМАГАЛА

**Лекција**—Во врска со нагледните помагала видете на почетокот на лекцијата.

**Стих за учење напамет**—Ќе ви биде потребен илустрираниот стих за учење напамет *(видете страници 6–8 во „Ресурси“).*

**Други помагала**—Ако имате потреба од илустрирани песни, брошури, книги за дневно читање и сл. можете да ги добиете од канцеларијата на МЕД.

## СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

*„...се смиривме со Бог преку смртта на Неговиот Син..." (Римјаните 5:10).*

*(Напечати го илустрираниот стих за учење напамет што се наоѓа на страниците 6–8 во „Ресурси".)*

### ВОВЕД

Дали некогаш си се скарал со пријател/ка поради нешто што си го направил/а или кажал/а? Бевте многу добри другари и одлично се забавувавте, но потоа почнаа да те избегнуваат – пријателството се раскинува. Во Библијата пишува дека пријателството што Бог сака да го има со нас е нарушено поради гревот. Но, од нашиот денешен стих дознаваме за радосната вест.

### ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Стихот се наоѓа во вториот дел од Библијата, во Новиот завет. Запишан е во книгата „Римјаните", во петтата глава, во десеттиот стих. *(Прочитај го стихот од Библијата, потоа дај му ја Библијата на некое повозрасно дете за да провери дали стихот е ист со запишаното на илустрираниот стих од кој ти ќе читаш.)* Бидејќи стихот е од Божјата книга, Библијата, знаеме дека тоа што го прочитавме е вистина.

### ОБЈАСНУВАЊЕ

**„Смирени со Бог"** – тоа значи да го поправиме нашиот нарушен однос со Него, или да најдеме начин пак да се спријателиме. Зошто треба да се смириме? Бидејќи гревот нè спречува да можеме да уживаме во пријателството кое Бог сака да го има со нас. Ти и јас се родивме како Божји непријатели и секогаш кога сме му непослушни, ние продолжуваме да се бориме против Него. Кога си нељубезен кон некого, тоа е како да велиш: „Не ми е грижа што Бог сака да ги сакам другите луѓе". Кога ќе земеш нешто што не ти припаѓа, тоа е како да велиш: „Не ми е грижа за Божјата заповед 'да не крадеш' ". Ако не се смириме со Бог, тогаш еден ден ќе бидеме засекогаш одвоени од Него.

**„Смртта на Неговиот Син"** – Божјиот Син, Господ Исус Христос направи да е возможно ти и јас да се смириме со Бог. Зборуваме за смртта на Исус на крстот. Исус е совршен. Тој немаше грев, затоа можеше врз Себе да ја земе казната за туѓите гревови. Беше казнет за ти да не мора да бидеш казнет. Тој беше одвоен од Божјата љубов и добрина за ти да не мора вечно да ја трпиш казната што ја заслужуваш. Исус е единствениот кој може да те смири со Бог.

### ПРИМЕНА

**Неспасени:** YНе мора да продолжиш да бидеш Божји непријател. Ако веруваш во Господ Исус и ако зависиш само од Него и од тоа што Тој умре на крстот за тебе, тогаш Тој ќе го поправи нарушеното пријателство. Исус денес е жив. Ако веруваш во Него, ќе бидеш смирен со Бог и ќе го почнеш тој прекрасен однос што Бог сака да го има со тебе.

**Спасени:** Ако веќе си смирен/а со Бог, можеш да му благодариш за сè што направил Тој за тебе. Чудесно е што Исус умрел и оживеал за тебе! Колку е прекрасно да знаеш дека ти, поранешен Божји непријател, сега си Негов пријател! Не затоа што го заслужуваш тоа, туку затоа што Исус ја зеде казната за твојот грев! Ќе кажеш ли денес: „благодарам" за сè што Бог направил за тебе?

### ПОВТОРУВАЊЕ

**Дејства.** Децата се свртени со грб кон партнерот *(личноста која стои до нив или водачот)*, а рацете им се скрстени. Можеш да почнеш така што ќе кажеш: „Во Библијата, во Римјаните, во петтата глава, во десеттиот стих пишува..." Потоа кажете го стихот ползувајќи ги следните дејства:

**„Смирени"** – сврти се и ракувај се со партнерот.

**„Бог"** – покажи нагоре.

**„Смрт"** – подигни ги рацете и скрсти ги кај зглобовите, за да покажеш крст.

**Плескај на зборовите.** Откога ќе го повторите стихот неколкупати, побарај доброволец кој ќе застане свртен со грб кон илустрираниот стих. Кажи им на другите деца да внимаваат кога ти ќе покажеш на некој збор. Потоа заедно повторете го стихот, но, наместо да го кажете избраниот збор, на тоа место ќе плескате. Прашај го доброволецот кој е зборот што недостига. Повтори го стихот неколкупати, притоа ползувајќи различни доброволци.

**Покривање на стихот.** Исечи ги велигденските јајца *според образецот на страница 12 во „Ресурсите".* Употреби ги „јајцата" за да покриеш делови од стихот. По секое повторување, покривај сè поголем дел од стихот.

## ЗОШТО ГО СЛАВИМЕ ВЕЛИГДЕН?

### НАГЛЕДНИ ПОМАГАЛА

- Украси за прослава *(види во воведот на лекцијата).*
- Три пластични јајца, во секое стави референца од Библијата, напишана на парче хартија *(Исаија 59:2; Јован 3:16; Матеј 28:5–6)*. Имај подготвени помагачи, или повозрасни деца, да ги прочитаат стиховите од Библијата. Како алтернатива, ако немаш пластични јајца, нацртај три јајца на картон, исечи ги, обои ги различно и на задниот дел на секое јајце напиши ја референцата. Можеби ќе сакаш да ги скриеш јајцата и да побараш децата да го најдат јајцето со одредената боја на погодното место за време на лекцијата.
- Илустрации на јајца *(види на страниците 13–17 во „Ресурсите“.) (Исечи ја секоја илустрација во облик на јајце по должината на надворешната линија.)*

  Прашалник

  Темно срце

  Црвено срце

  Крст

  Празен гроб

  Можеби ќе сакаш да ги ставиш илустрациите во кошница и да ги покажеш на еден од следните начини:

  Покажувај ги една по една;

  Закачувај ги со штипки на јаже;

  Залепи ги на табла / на ѕид;

  Залепи ги на картонски кутии (од житарици) за да „стојат исправени“

  на масата.
- Ако поучуваш пред поголема група деца, можеш да ја ползуваш презентацијата на PowerPoint® која е дел од комплетот за оваа лекција.

### БИБЛИСКИ ТЕКСТОВИ

Матеј 27:1, 22-38, 45-46, 28:1-6.

### СТИХ ЗА УЧЕЊЕ НАПАМЕТ

*„…се смиривме со Бог преку смртта на Неговиот Син… (Римјаните 5:10).*

### ЦЕНТРАЛНА ВИСТИНА

Оваа едноставна евангелизаторска лекција нема централна вистина, туку, преку давањето одговор на прашањето: „Зошто го славиме Велигден?“ го објаснува Божјото решение за нашиот грев.

### ПРИМЕНА ЗА НЕСПАСЕНИ ДЕЦА

Поверувај во Исус. Проблемот со твојот грев ќе биде решен и ќе воспоставиш прекрасно пријателство со Бог.

### ПРИМЕНА ЗА СПАСЕНИ ДЕЦА

Во оваа лекција нема примена за спасените деца.

## ЛЕКЦИЈА

*(Употреби некои од следниве нешта како вовед во лекцијата: балони, подароци, натписи: „Среќен роденден“, роденденски капи итн. Ако сакаш, можеш да ја искористиш играта „Погоди го поимот“ како игра за загревање.)*

Прославите се забавни! На прославите обично има украси, вкусна храна и време поминато со семејството и пријателите. Твоето семејство, веројатно, ќе ти даде подарок и прекрасна роденденска торта на денот на кој го славиш твоето раѓање. Можеби твоите баба и дедо имаат убава заедничка вечера на нивната годишнина од стапувањето во брак. За некои прослави, како што е Божиќ, дури и не одиш на училиште! Но, има една прослава што мене ми е многу чудна – Велигден. ***(Покажи ја илустрацијата – прашалник)***. Зошто луѓето ја слават Исусовата смрт? Да се слави раѓањето на Исус од оние кои Го сакаат некако има смисла, но зошто некој би сакал да биде среќен и да слави поради Исусовата смрт? Денот во кој Исус умре се нарекува Велики Петок – но како може да биде „велик“ денот кога некој умрел?

**1. Исусовата смрт може да го реши нашиот најголем проблем.**

Една од причините поради која славиме е тоа што Исусовата смрт може да го реши нашиот најголем проблем – гревот. ***(Покажи ја илустрацијата – црно срце.)***

Што е грев? Грев е збор од Библијата што означува непослушност кон Бог. Тоа е правење нешта за кои Бог вели дека не треба да ги правиме и неправење нешта за кои Бог вели дека треба да ги правиме. Нештата како горделивоста и крадењето се грев. Да не бидеш љубезен и да не проштаваш, исто така, е грев. Да видиме дали можеме да најдеме стих од Библијата кој ќе ни каже нешто за овој проблем.

*(Замоли ги децата да го отворат пластичното јајце во кое се наоѓа натписот Исаија 59:2. Учителот или некое од повозрасните деца нека го прочита стихот од Библијата.)*

**„Но беззаконијата ваши ве разделија од вашиот Бог и гревовите ваши прават да го крие лицето Свое од вас, за да не слуша“.**

Многу одамна, на почетокот, првите маж и жена уживаа во прекрасното пријателство со Бог, Оној кој ги создаде. Но, кога тие му станаа непослушни на Бог, гревот влезе во светот и го наруши тоа пријателство. Тие веќе не можеа да шетаат и да разговараат со Бог во прекрасната градина која Тој им ја даде. Оттогаш до денес, секој човек кој се раѓа

е одвоен од Бог. Поради гревот, јас сум роден одвоен од Бог, а и ти си се родил одвоен од Бог. Ти не можеш да уживаш во прекрасното пријателство кое Бог сака да го има со тебе. Немаш можност да го запознаеш чудесниот Бог кој те создал. Најлошо од сè е што, ако не го решиме нашиот проблем со гревот, ќе бидеме одвоени од Бог засекогаш. Во Библијата пишува дека тоа го заслужуваме – тоа е Божјата казна за гревот.

Сфаќаш ли колкав проблем е твојот грев? Но, бидејќи Исус умре, има начин да се реши твојот проблем со гревот! Има начин да Го запознаеш Бог и да уживаш во пријателството со Него!

Значи, првата причина поради која се слави Велигден е заради нешто кое може да го реши Исусовата смрт. Што може да реши Исусовата смрт? *(Дозволи им на децата да дадат свои одговори.)* Нашиот најголем проблем е гревот.

Ајде да најдеме друг стих кој ќе ни помогне да разбереме зошто ја славиме Исусовата смрт.

*(Замоли ги децата да го отворат пластичното јајце во кое се наоѓа натписот „Јован 3:16". Замоли некое од повозрасните деца да го прочита).*

**„Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот".**

**2. Исусовата смрт ја покажува Божјата неверојатна љубов кон нас.**

Бидејќи Бог секогаш е чист, совршен, добар и чесен, Тој не може само да го игнорира нашиот проблем со гревот. Тој има право да биде лут поради гревот. Но Бог многу нè сака и тебе и мене. ***(Покажи ја илустрацијата – срце).*** Тој знае дека ти самиот никогаш не ќе можеш да го решиш овој проблем, ниту да го поправиш нарушеното пријателство со Него. Затоа Тој направи прекрасен план.

Исус отсекогаш живеел на небото, уживајќи во совршениот однос со Неговиот Татко, Бог. Но Божјиот план беше да Го испрати Исус во светот, како бебе. Исус порасна како момче, а потоа и возрасен маж, но никогаш не престана да биде Бог. И, бидејќи Исус е Бог и човек, Тој беше во состојба да го поправи пријателството меѓу луѓето и Бог.

Религиозните водачи не веруваа дека Исус беше испратен од Бог. Тие Го мразеа и бараа да биде убиен. Луѓето можеа да изберат да го ослободат, но, наместо тоа, тие викаа: „Нека биде распнат!" Откога гувернерот даде заповед Исус да биде убиен, војниците Го одведоа.

***(Покажи илустрација – крст.)*** Тој ден беа распнати тројца луѓе – другите двајца ја заслужуваа својата казна, но Исус не. Исус беше обвинет дека не ја кажува вистината, но тоа беше лага. Тој не беше виновен зашто не направил ништо погрешно, бидејќи Тој е совршениот Божји Син.

Но, слушај што се случи додека Исус висеше на крстот. Исус *(прочитај 1 Петар 2:24 од твојата Библија)*… **„Тој сам ги носеше нашите гревови на крстот, во телото Свое".** Бог ја стави казната за гревот врз Исус. Исус беше казнет како Тој да беше горделив, крадец, нељубезен и таков кој не сака да проштава – иако Тој никогаш немаше направено ништо од тие нешта.

Како може најлошиот дел од Исусовото страдање да биде повод за славење? Бидејќи тоа беше причината поради која Исус го напушти небото! Целиот Исусов живот на земјата водеше до овој миг! Тоа е најчудесниот дел од Божјиот план!

Затоа што Исус ја зеде казната за гревот на крстот, Тој може да го реши проблемот со твојот грев. Тој може да го поправи нарушеното пријателство меѓу тебе и Бог!

Бог сигурно многу го мрази гревот штом дозволи Неговиот Син, Исус, да страда со толку ужасна смрт.

Но Бог сигурно многу те сака тебе што го испрати Својот единствен Син да ја земе казната за твојот грев.

Значи, првата причина поради која ние го славиме Велигден е таа што Исусовата смрт може да го реши... *(Дозволи децата да одговорат.)* нашиот најголем проблем.

Втората причина поради која го славиме Велигден е тоа што ни го покажува Исусовата смрт. Што ни покажува таа? *(Дозволи децата да одговорат.)* Ја покажува Божјата неверојатна љубов кон нас. *(Можеш да им кажеш на децата да ги повторат двата одговори.)*

Ајде да го прочитаме и последниот стих кој ни кажува зошто ја славиме Исусовата смрт.

*(Замоли ги децата да го отворат пластичното јајце во кое се наоѓа натписот „Матеј 28:5–6". Некое од повозрасните деца нека го прочита стихот.)*

**„Ангелот им се обрати на жените и им рече: „Не плашете се; знам дека Го барате Исус распнатиот; не е овде, воскресна..."**

**3. Исусовата смрт не е крај на приказната.**

Исусовата смрт не е крај на приказната – неделниот ден – Велигден требаше допрва да дојде – и ни дава уште поголема причина за славење! ***(Покажи илустрација – празен гроб.)***

Можете ли да замислите колку биле тажни жените во раното утро тој неделен ден? Исус беше нивен пријател и учител, а сега Тој беше мртов. Марија Магдалена беше близу до крстот кога Исус умираше. Таа гледаше во петокот навечер како телото на Исус беше ставено во пештерата која послужи како гроб. Сега, кога заврши еврејскиот ден за одмор, таа со уште две жени одеше кон гробот на Исус, за да го помазаат Христовото тело. Додека одеа, жените се прашуваа како ќе го тргнат големиот, тежок камен со кој беше затворен гробот. Но, кога пристигнаа, каменот веќе беше истркалан, а телото го немаше! Еден ангел им кажа дека Исус е жив. Жив? Да! Марија Го виде Исус тој ден и разговараше со Него – колку чудесно, нејзиниот пријател и Спасител беше жив!

Ете затоа ја славиме Исусовата смрт. Затоа што таа не е крај – Исус воскресна. Тој е посилен од смртта и од гревот. По четириесет денови откога воскресна, Тој се врати на небото, за да владее како Цар засекогаш. Исусовата смрт не беше крај затоа што приказната продолжува до денес.

Исусовата смрт и воскресението можат уште сега да го изменат твојот живот. Затоа што Исус и денес е жив, Тој може да го реши твојот проблем со гревот. Како? Слушни го вториот дел од стихот кој пред малку го читавме *(Прочитај Јован 3:16 б од твојата Библија.)* – **„та секој што верува во Него да не загине, туку да има вечен живот“.**

„Да веруваш во Исус“ значи да зависиш само од Него. Тоа е повеќе отколку само во главата да знаеш дека некои факти за Него се вистинити. Тоа е правење нешто – тоа е да му го предадеш целиот твој живот Нему, за Тој да почне да те раководи, отсега па натаму. Ако знаеш колку голем и сериозен е твојот проблем со гревот, ако го знаеш тоа, ќе сфатиш дека ти самиот не можеш да го решиш тој проблем, а, ако си убеден дека Исусовата смрт на крстот е единствениот одговор, тогаш поверувај во Исус уште денеска. Можеш да разговараш со Него сега, тивко, таму каде што седиш. Кажи Му како се чувствуваш поради твојот грев. Кажи му дека сакаш да поверуваш во Него.

Ако веруваш во Исус, во стихот се вели дека има нешто што нема да се случи и нешто што ќе добиеш. Нема да загинеш. Ти не мора да ја добиеш вечната казна за твојот грев. Твојот проблем со гревот ќе биде решен. Ти нема да бидеш одвоен од Бог, ниту сега, ниту засекогаш. Ќе имаш вечен живот со Бог на небото. Ќе уживаш во прекрасниот живот во совршено пријателство со прекрасниот Бог кој те создаде и еден ден ќе бидеш добредојден во Неговиот дом на небото каде ќе останеш засекогаш.

Можеш ли да се сетиш на трите причини поради кои се слави Велигден? Исусовата смрт го решава... ? *(Дозволи децата да одговорат.)* Нашиот најголем проблем. Исусовата смрт ни ја покажува...? *(Дозволи децата да одговорат.)* Божјата неверојатна љубов кон нас. И Исусовата смрт не е... ? *(Дозволи децата да одговорат.)* Крај на приказната.

Можеби, славењето на Велигден и не е толку чудно нешто! Можеби, да се биде среќен за едно навистина тажно нешто, како што е смртта, има некаква смисла! Јас сум радосен што Исус направи пат за решавање на мојот најголем проблем. Толку многу сум благодарен кога ќе се сетам колку многу ме љуби Бог. Замисли, Исус ја зеде казната за мојот грев! Велики петок навистина е „велик“ ден. И што може да биде поголема причина за славење од фактот дека Исус воскресна – само Бог може да направи да се случи такво нешто. Колку чудесно е тоа што можеш да го решиш твојот проблем со гревот и да почнеш едно прекрасно пријателство со Бог уште денеска – ако поверуваш во Исус.

## ИГРА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

**Фрлај за поени.** Ќе ти бидат потребни кошнички со различна големина и гумено јајце *(или топче)*. Ако немаш кошнички, можеш да користиш кутии со различна боја. Напиши броеви, на пример, 10, 30, 50, 100 на листови хартија или на картички и залепи ги на кошничките. Поголемите кошнички треба да даваат помал број поени, а помалите – поголем број поени. Стави ги кошничките на маса или на подот и стави некој предмет или парче хартија на мала оддалеченост кои ќе покажат каде треба да стои детето.

Кога детето ќе одговори точно, добива 50 поени и дозвола да фрла трипати за да заработи дополнителни поени за својот тим. Ако јајцето *(или топчето)* падне во кошничка, го добива бројот на поени кои се закачени на кошничката. Тимот кој на крајот на фрлањето ќе има највисок резултат е победник.

## ПРАШАЊА ЗА ПОВТОРУВАЊЕ

1. Кој е нашиот најголем проблем и зошто тоа е наш најголем проблем? *(Гревот – тој нè одвојува од Бог, сега и засекогаш. Тој го нарушува пријателството кое Бог сака да го има со нас.)*
2. Што ни покажува Исусовата смрт на крстот? *(Божјата чудесна љубов кон нас.)*
3. Кажи неколку зборови што опишуваат каков е Бог и зошто Тој има право да биде лут поради гревот. *(Свет, совршен, добар, чесен.)*
4. Кој беше прекрасниот план што Бог го направи? *(Да Го испрати Исус во светот, да умре за грешниците.)*
5. Зошто Исус е единствениот кој може да го поправи пријателството меѓу човекот и Бог? Кој е Исус? *(Исус е Бог, Синот. Тој е совршениот Божји Син.)*
6. Колку крстови имаше на местото на кое умре Исус? *(Дозволи им на помалите деца да одговорат.) (Три.)*
7. Која беше разликата меѓу Исус и другите двајца луѓе кои умреа на крст? *(Исус никогаш не направи ништо лошо. Тој не заслужи да биде казнет.)*
8. Кој беше најлошиот дел од Исусовото страдање на крстот? *(Кога Бог ја стави казната за гревот врз Исус.)*
9. Зошто Исусовата смрт не е крај на приказната? *(Тој воскресна. Тој е жив и денес.)*
10. Што треба да направиш, ако сакаш да го решиш твојот проблем со гревот и да го почнеш прекрасното пријателство со Бог? *(Да поверуваш во Исус, единствениот Кој умре и воскресна за тебе.)*

# Како да доведеш дете до Христос?

**Увери се дека детето ги разбира следниве работи:**

**Бог**
- Кој е Бог?
- Бог нè создаде. Тој ни зборува преку Библијата.
- Бог е свет и праведен. Тој нè сака.

**Грев**
- Што претставува гревот?
- Гревот е непослушност кон Божјите заповеди. Гревот е во судир со Бог.
- Зборувајте за некои конкретни гревови.
- Детето е грешно поради грешната природа од раѓање и гревовите кои ги направило (ние луѓето грешиме затоа што сме грешници).
- Гревот заслужува казна.

**Спасителот**
- Единствено кој може да го земе твојот грев?
- Синот Божји умре на крстот поради грешниците.
- Господ Исус воскресна од мртвите.
- Тој владее врз сè.

**Објасни како детето може да се спаси**
- Објасни му на детето што бара Бог од него и што ќе направите потоа.
  За оваа цел користете библиски стихови (Јован 1:12, Јован 3:16, Јован 6:37, Дела 16:31, Римјаните 6:23 или Римјаните 10:13).
  Што сака Бог ти да направиш?
  Што ќе направи Бог?
- Предупреди го детето за можните тешкотии.
- Прашај: „Дали сакаш да му веруваш на Исус, или сакаш да размислиш за ова прашање?“
- Охрабри го детето (ако е решено) гласно да бара покајание.

**Зборувај за сигурноста на спасението**
- Врати се на библискиот стих што го предававте.
- Зборувај за изменетиот живот.
- Кажи му на детето што треба да знае оној кој навистина верува во Исус.

**Дај му на детето (подоцна) некои совети за христијанскиот живот**
- Читај ја Библијата и биди му послушен на Бог.
- Зборувај со Бог, твојот Небесен Татко.
- Кажи им на другите луѓе за тоа што Бог го направил за тебе.
- Барај проштавање од Бог кога ќе направиш грев.
- Дружи се и со други христијани.
- Запамети го тоа што го вели Бог: *„Нема да те оставам, ниту ќе те напуштам“*. (Евреите 13:5)

# Како да му помогнеш на верно дете да биде уверено во неговото спасение?

**Важноста да се има сигурност во спасението**

Има многу причини зошто некое дете ќе се сомнева во сигурноста на неговото спасение. Детето, можеби, ќе си мисли: „Дали доволно верував? Дали доволно се молев? Дали бев доволно искрен?“

Спасението е подарок од Бог и се заснова врз тоа што го направи Исус, а не на тоа што го направило детето. За таа цел важно е детето да се сосредоточи на тоа што Бог го вели и го направил за да увиди дека самото спасение и увереноста во спасението се ветувања кои Бог ги дал во Неговото Слово, а не се засноваат врз чувства (Римјаните 10:17).

**Зборувај за сигурноста на спасението**
- Прашај го детето како се спасило, давајќи му можност да го прифати Исус пред вас. Ако не покажува увереност, врати се на постапките за тоа како да го доведете детето до Христос.
- Заедно прочитај некој од следниве библиски стихови *(1 Јован 5:12, 1 Јован 5:13, Јован 10:28, Јован 10:29, Дела 16:31, Римјаните 10:13 или Јован 1:12)*.
- Помогни му на детето да **сфати** дека тој кој навистина верува во Исус може да биде сигурен дека е спасен.
- Потсети го детето дека Бог **секогаш** ги одржува ветувањата.
- Прашај го детето за некои работи како: „Дали си се покајал за гревот? Дали веруваш дека Исус умре за да ја земе казната за твоите гревови и дека потоа воскресна?“ Охрабри го детето да раскаже за мигот кога поверувало и помогнете му да разбере дека, ако одговорите на овие прашања се „да“, тогаш тоа е спасено.
- Зборувај за изменетиот живот. Детето кое поверувало мора да покаже некаква измена во однесувањето или во ставовите, дури и ако тие измени се многу бавни и постепени. Ќе помогне, ако детето само увиди некоја измена која се случила во неговиот живот.
- Помогни му на детето да разбере дека и верните прават гревови и дека кога ќе згреши треба да бара проштавање од Бог. Посочи му дека нема потреба повторно да добие спасение. Тоа се добива само еднаш.

**Дај му на детето неколку совети за христијанскиот живот**
- Читај ја Библијата и биди му послушен на Бог.
- Зборувај со Бог, твојот Небесен Татко.
- Кажи им на другите луѓе за тоа што Бог го направил за тебе.
- Барај проштавање од Бог кога ќе направиш грев.
- Дружи се и со други христијани.
- Запамети го тоа што го вели Бог: *„Нема да те оставам, ниту ќе те напуштам“.* (Евреите 13:5).

CEF
CHILD EVANGELISM FELLOWSHIP®
Since 1937
*Reaching children worldwide*